| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Инсектите во пролет |
| **Содржина на денот** | Магична пеперутка |
| **Возраст** | 4 – 6 години |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на здрави и безбедни навики при користење на ликовни материјали.<br>Поттикнување на детето за правилно миење на рацете по извршување на секоја активност. |
| **Активности** | Пролетта како годишно време со своите убавини и изобилие на бои и мириси нуди можност за безброј активности и содржини.<br><br>Најдобро би било пред да започнете со реализација на денешната предлог активност: изработка на пеперутка со помош на ликовната техника – монотипија, на детето да му понудите да разгледува фотографии од различни видови на пеперутки ,да поразговарате за нив, да ги опишувате, набљудувате итн.<br><br>За реализација на оваа активност ќе ви биде потребно лист од блок и темперни бои. На листот од блок истиснувате од темперните бои, а потоа го превиткувате на половина и полека со прстите поминувате над него за да се размачкаат боите во прилог фотографии).<br><br>Верувајте дека кога ќе се отвори целиот лист што бил превиткан пред Вас ќе се појави една прекрасна магична пеперутка.<br><br>Творбите со користење на оваа техника навистина се уметнички дела. Дозволете му на Вашето дете да ужива при творењето, готовата изработка може да ја врамите во прекрасна слика која ќе го разубавува Вашиот дом. |